ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), и Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на општина Гевгелија, бр.01-2216/15, 01-730/18, 01-1576/18, 01-187/19, 01-485/20, 01-1013/20, 01-1622/20, 01-250/21, 01-856/21, 01-1977/21, 01-2383/22, 01-2493/22, 01-819/23 и 01-1254/23 година, Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 17.8.2023 година донесе,

# О Д Л У К А

**за избор на кандидат за административен службеник**
**во Општина Гевгелија, по јавен оглас 234/2023**

1. За извршител на работното место **Помлад референт за обработка на податоци и водење на регистар на образовни институции во Општина Гевгелија, со шифра УПР 01 01 Г04 000, по јавен оглас 234/2023, СЕ ИЗБИРА кандидатот Петар Шарков.**

2. Решение за вработување на избраниот кандидат, ќе се донесе по конечноста на оваа Одлука;

3. Оваа Одлука ќе се објави на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација и ќе се достави до избраниот кандидат;

***О б р а з л о ж е н и е***

На ден 15.7.2023 година, на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха, за потребите на Општина Гевгелија објавен е јавен оглас 234/2023 за пополнување на слободно работно места во општинската администрација на општина Гевгелија.

Со Решение број 10-1339/3 од 25.7.2023 година формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас.

Согласно Законот за административни службеници и Уредбата за спроведување на постапка за вработување на административни службеници, се спроведе постапка за вработување, утврдена со Записник бр.10-1339/4 од 31.7.2023 година за извршена административна селекција, Записник бр.10-1339/5 од 11.8.2023 година за спроведен испит за административен службеник и Записник бр.10-1339/6 од 15.8.2023 година за веродостојност на доказите и спроведено интервју.

По спроведената постапка, Комисијата за селекција изготви конечна ранг-листа на кандидати и достави Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 234/2023, бр.10-1339/7 од 15.8.2023 година до Градоначалникот на општина Гевгелија. За работното место **Помлад референт за обработка на податоци и водење на регистар на образовни институции во Општина Гевгелија, го предложи Петар Шарков (ид. код 80AFF9F), Македонец, со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 70,70.**

Согласно член 45 од Законот за административни службеници, Градоначалникот на општина Гевгелија по разгледување на приложената конечна ранг-листа и доставениот предлог за вработување одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за адинистрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на интернет страната и на огласнта табла на Агенцијата за администрација.

Бр.04-/1332/1
17.8.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Андон Сарамандов***

Изработил, Весна Хаџикојчева

Доставено до-
-кандидатот, АА, ОУЧР и архива